730

НОВА МАКЕДОНИЈА. СКОПЈЕ.





*Во очите на другите*

# Неподелени признанија

## Италијанската критика за самостојната изложба на скулпторот Боро Крстевски во Мантова

Италијанскиот печат, речи си, е едногушен во позитивната оцена на самостојната изложба на скулпторот Боро Крстевски, прикажана во Мантова. Констатирајќи ги органските врски на делото на Крстевски со македонското поднебје, со народниот бит и определување, италијанската критика укажува на фактот, дека сето тоа е база, врз која уметникот се издига до одредени универзални значења, заеднички за сите луѓе од сите меридијани, до преокупацијата на духот и доживувањето на денешникот. Посебно, критиката става апостроф врз мајсторството на Крстевски во просторните обликувања со што, покрај другото, сигурно навлегува во сферите на современите светски уметнички вреднувања.

Така, Ренцо Маргонари, во еден од февруарските броеви на „Газета ди Мантова“, по повод изложбата, вели: „Во третманот на дрвото и мермерот, различни камења од чудни конформации и скапоцени бои, Боро Крстевски покажува значајна мајсторија, достатна за да се потврди дека е способен и натаму да го продлабочува своето искуство кое, тоа е јасно, ја избегнува реториката... за да достигне до разни проблеми што ја интересираат површината на волуменот, играта на светло-сенка на обработените површини... да ги ублажи рефлексите.“

Тоа го изразува, вели натаму истиот критичар, „неговата тивка и мирна монументалност во делата од дрво, мермер, бакар, кои Боро Крстевски ни ги покажа на својата самостојна изложба во Мантова“.

На сликата: Боро Крстевски на својата изложба во Мантова пред скулптурата што ја симболизира скопската траегдија од 26 јули 1963 година. „Овие композиции, — вели критиката, — се инспирирани од несреќниот земјотрес во Скопје, но не се спуштаат до тажно прикажување и детализирање. Скулпторот се стреми да го симболизира драматичното искуство во симболични фигури, кои гледаат во иднината, застрашени од настанот, но не и уништени од разурнувањето. Една тема, која кај други би довела до плачлив израз, оптоварувајќи ги фигурите со фалшиво милосрдие, кај него на фигурите им дава достоинство и изразува една нескротлива волја за спротивставување на несреќата“.